**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIKË TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

## на одлуката за избор на четворица јавни обвинители во Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција

**I.** Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 27.03.2026 година, донесе одлука за избор СОИ бр. 2/26 од 27.03.2026 година, со која за јавни обвинители во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција се избрани јавните обвинители Енѓелуше Кадриу Леши, Александар Маркоски, Ана Гоговска Јакимовска и Ана Стојковиќ Димитровска.

Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија објави оглас бр.08-1/1 од 09.01.2026 година за избор на пет јавни обвинители во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција („Службен весник на РСМ“ бр.5/26 од 12.01.2026 година).

На објавениот оглас за избор на пет јавни обвинители во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција се пријавија 10-десет кандидати со уредна документација и кои ги исполнуваа условите согласно законот, но од нив двајца кандидати ја повлекоа својата пријава пред одржувањето на седницата за избор.

Советот формираше Комисија која спроведе интервју со кандидатите на огласот за пет јавни обвинители во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

Од одржаното интервју Советот имаше можност да го цени претходното работно искуство на кандидатот, неговата стручност, способност за правна анализа, познавање на материјалното и процесното кривично законодавство, како и способноста за комуникација, професионалниот однос, посветеност кон јавнообвинителската работа, познавањата на јавнообвинителскиот систем и ставовите за понатамошен развој. Сето ова беше земено во предвид во корелација со потребите и предизвиците во работата на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, а чија надлежност опфаќа постапување по предмети од посложен карактер.

Со оглед дека станува збор за избор во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, особено беа земени во предвид потребите, предизвиците, обемот на работа и сложеноста на предметите по кои постапува ова обвинителство.

Од спроведеното интервју произлезе дека јавните обвинители Енѓелуше Кадриу Леши, Александар Маркоски, Ана Гоговска Јакимовска и Ана Стојковиќ Димитровска имаат високи стручни и професионални квалитети и со нивната посветеност кон јавнообвинителската работа може позитивно да допринесат кон подобрување на состојбите и начинот на работењето во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, дополнително имајќи ја во предвид и околноста дека наведените јавни обвинители имаат работно искуство во Основното јавно обвинителство Скопје повеќе од 10 години, во кој период работеле на предмети речиси од секоја област, а едниот од јавните обвинители веќе има искуство во постапувањето по предмети од надлежност на ОЈО ГОКК.

Исто така беше ценет и нивниот однос кон работата, навременост во извршување на работните обврски, покажаната спремност за стручно решавање на правни прашања, познавање на материјалното и процесното кривично законодавство, комуникациските способности и ставовите за унапредување на јавнообвинителскиот систем.

На седницата одржана на 27.03.2026 година, во текот на дискусијата членовите на Советот ги образложија своите ставови за начинот на гласање и кандидатите Енѓелуше Кадриу Леши, Александар Маркоски, Ана Гоговска Јакимовска и Ана Стојковиќ Димитровска го добија потребното мнозинство гласови од вкупниот број членови од Советот.

Согласно член 61 став 1 и член 62 став 1 алинеја 6 од Законот за јавното обвинителство, кандидатите ги исполнуваат општите услови за избор на јавен обвинител и посебните услови за избор на јавен обвинител во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

1.Енѓелуше Кадриу Леши, по националност Албанка, е избрана за јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Скопје на 21.12.2012 година. За јавен обвинител во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција е избрана во месец јануари 2018 година и оттогаш се до денес ја врши јавнообвинителската функција во ова обвинителство. Истата има вкупен работен стаж од 17 години и 1 месец, а стаж по положен правосуден испит од 15 години.

По спроведено вонредно оценување извршено од страна на Основниот јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, јавниот обвинител Енѓелуше Кадриу Леши се оценува со позитивна оценка и вкупно 25 бодови, со одлука од 24.02.2026 година, а согласно пропишаните критериуми од член 37 до 44 од Законот за јавното обвинителство и Правилникот за оценување на работата на јавните обвинители. Притоа, од увидот во предметното работење на јавниот обвинител било констатирано дека постапува ажурно, правилно го применува Уставот и законите на РСМ, договорите ратификувани согласно со Уставот, правилни и јасни биле донесените решенија за отфрлање на кривичните пријави со јасни причини зошто е донесена таква одлука, а исто така и во однос на поднесените обвинителни акти, наредби и поднесени жалби. Јавниот обвинител изразува и покажува подготвеност за стручно усовршување. Притоа, присуствувала на повеќе работилници и обуки во земјата и во странство, како и во работни групи како што е работната група за изготвување на Водич за ништење на податоци собрани со посебни истражни мерки.

2.Кандидатот Александар Маркоски, по националност Македонец, е избран за јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Скопје на 01.07.2009 година, како еден од кандидатите за јавен обвинител и судија од првата генерација со завршена обука при Академијата за судии и јавни обвинители "Павел Шатев" Скопје. Оттогаш се до денес јавнообвинителската функција ја извршува во Основното јавно обвинителство

Скопје повеќе од 16 години. Истиот има вкупен работен стаж по положен правосуден испит од 19 години и 11 месеци.

По спроведено вонредно оценување извршено од страна на ВД Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Скопје, јавниот обвинител д-р Александар Маркоски се оценува со позитивна оценка и вкупно 25 бодови, со одлука од 03.03.2026 година, а согласно пропишаните критериуми од член 37 до 44 од Законот за јавното обвинителство и Правилникот за оценување на работата на јавните обвинители. Притоа, од увидот во предметното работење на јавниот обвинител било констатирано дека постапува стручно, ажурно, ефикасно, непристрасно, со углед и етичност достојни за функцијата, правилно го применува Уставот и законите на РСМ, договорите ратификувани согласно со Уставот, практиката на ЕСЧП и други прописи, има правилен однос кон донесување и изготвување на јавнообвинителските одлуки и нивно застапување пред судот. Во комуникацијата со странките и вработените во јавното обвинителство манифестира коректна соработка и однос. Меѓу другото, јавниот обвинител Александар Маркоски завршил докторски студии од областа на кривичното право во 2018 година, истиот е предавач во Академијата за судии и јавни обвинители од 2017 година, бил и ментор на кандидатите, заменик член на Програмскиот Совет на Академијата, а сега е и вонреден професор на МИТ Универзитетот во Скопје.

3.Кандидатот Ана Гоговска Јакимовска, по националност Македонка, е избрана за јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Скопје на 18.03.2016 година и оттогаш па се до денес таму ја извршува јавно обвинителската функција. Истата има вкупен работен стаж од 14 години и 6 месеци.

По спроведено вонредно оценување извршено од страна на ВД Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Скопје, јавниот обвинител м-р Ана Гоговска Јакимовска се оценува со позитивна оценка и вкупно 25 бодови, со одлука од 03.03.2026 година, а согласно пропишаните критериуми од член 37 до 44 од Законот за јавното обвинителство и Правилникот за оценување на работата на јавните обвинители. Притоа, од увидот во предметното работење на јавниот обвинител било констатирано дека постапува стручно, ажурно, ефикасно и непристрасно, правилно го применува Уставот и законите на РСМ, договорите ратификувани согласно со Уставот, практиката на ЕСЧП и други прописи, има правилен однос кон донесување и изготвување на јавнообвинителските одлуки и нивно застапување пред судот. Поседува углед и етичност достојни за вршење на функцијата, како и делотворност во комуникацијата со странките и вработените во јавното обвинителство, континуирано изразувајќи ја подготвеноста за стручно усовршување со стекнување на искуства и предизвици, како што е работата на сложени и комплексни предмети во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција. Покрај другото, истата е и раководител на Одделението за меѓународна соработка во кривична материја во ОЈО Скопје, како и предавач на листата на предавачи при Академијата за судии и јавни обвинители.

4.Кандидатот Ана Стојковиќ Димитровска, по националност Србинка, е избрана за јавен обвинител во Основното јавно обвинителство Скопје на 18.03.2016 година и оттогаш па се до денес таму ја извршува јавно обвинителската функција. Истата има вкупен работен стаж од 17 години и 5 месеци.

По спроведено вонредно оценување извршено од страна на ВД Виш јавен обвинител на Вишото јавно обвинителство Скопје, јавниот обвинител м-р Ана Стојковиќ Димитровска се оценува со позитивна оценка и вкупно 25 бодови, со одлука од 03.03.2026 година, а согласно пропишаните критериуми од член 37 до 44 од Законот за јавното обвинителство и Правилникот за оценување на работата на јавните обвинители. Притоа, од увидот во предметното работење на јавниот обвинител било констатирано дека постапува стручно, ажурно, ефикасно и непристрасно, правилно го применува

Уставот и законите на РСМ, договорите ратификувани согласно со Уставот, практиката на ЕСЧП и други прописи, има правилен однос кон донесување и изготвување на јавнообвинителските одлуки и нивно застапување пред судот. Поседува углед и етичност достојни за вршење на функцијата, во комуникацијата со странките и вработените во јавното обвинителство манифестира коректен однос и соработка, покрај тоа изразува подготвеноста за стручно усовршување преку активности и стекнување на нови искуства. Предизвик и е да работи на предмети од организиран криминал и корупција, како следно скалило во нејзината кариера, а со оглед на досегашното искуство на работа на сложени предмети во ОЈО Скопје, како член на посебното Одделение за сериозен и сложен криминал. Истата е и предавач во Академијата за судии и јавни обвинители.